**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр.1310-46
Бр.на постапка 44988
од 08.03.2023 година
Велес

Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по барањето поднесено под УП број 1310-46 од 05.08.2022 година од страна на Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020), член 58 и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/2020 и 219/2021), го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува проектна програма со УП број 1310-46 и со број на постапка 44988 од 05.08.2022 година, изработена од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1 – згради на патниот сообраќај со инсталации и простории - шпедиции на КП бр.1020, КП бр.1023, КП бр.1026 И КП бр.1027, КП бр.1028/1, КП бр.1028/2, КП бр.1029, КП бр.1035/2, КО Башино село

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Подносителот Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, поднесе барање за одобрување на проектна програма со број 1129-07/22 од 05.08.2022 година, Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1 – згради на патниот сообраќај со инсталации и простории - шпедиции на КП бр.1020, КП бр.1023, КП бр.1026 И КП бр.1027, КП бр.1028/1, КП бр.1028/2, КП бр.1029, КП бр.1035/2, КО Башино село

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Барање за одобрување на Проектна програма со бр. 1129-07/22 од 05.08.2022 година,
2. Проектна програма со тех.бр. 0215-06/22, од Јуни 2022 година,
3. Графички прилог на проектната програма,
4. Услови за планирање на просторот со тех.бр.15616 од Декември 2016 година издадени од Агенција за планирање на просторот.
5. Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр. УП1-15 776/2016 од 16.12.2016 година, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение 08-199/1 од 11.01.2023 година, по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектната програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/2020 и 219/2021), за што до

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

Градоначалникот достави предлог за одобрување на проектната програма со бр. 1310-46 од 21.02.2023 година, во кое даде позитивно мислење и предлага истата да се одобри.

Градоначалникот на Општина Велес врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам при Општина Велес, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр.32/2020).

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Градоначалник
на Општина Велес

**Марко Колев**

Marko Kolev
Digitally signed by Marko Kolev
Date: 2023.03.09 09:16:36 +01'00'